# ЕВН Македонија

## Акционерско друштво за снабдување со електрична енергија, Скопје

## Посебни финансиски извештаи

за годината завршена на
31 декември 2018

со Извештај на независниот ревизор

## Содржина

**Извештај на независниот ревизор**

**Посебни финансиски извештаи**

Посебен извештај за финансиска состојба 1

Посебен извештај за сеопфатна добивка 2

Посебен извештај за промените во капиталот 3

Посебен извештај за паричниот тек 4

Белешки кон посебните финансиски извештаи 6

**Годишен извештај на работењето**

**Неревидирана годишна сметка**

Извештај на
независниот
ревизор

КПМГ Македонија ДОО Скопје
Ул. „Филип Втори Македонски" бр.3
Скопје 1000, Република Северна Македонија
+389 (2) 3135 220
mk-office@kpmg.com
kpmg.com/mk

**Извештај на независниот ревизор до акционерите на ЕВН Македонија, Акционерско друштво за снабдување со електрична енергија, Скопје**

**Извештај за посебните финансиски извештаи**

Извршивме ревизија на придружните посебни финансиски извештаи на ЕВН Македонија, Акционерско друштво за снабдување со електрична енергија, Скопје ("Друштвото"), прикажани на страните од 1 до 54, кои се состојат од посебен извештај за финансиската состојба на 31 декември 2018 година, посебните извештаи за сеопфатна добивка, промени во капиталот и паричниот тек за годината тогаш завршена и белешки, кои се состојат од преглед на значајните сметководствени политики и други објаснувачки информации.

*Одговорност на раководството за посебните финансиски извештаи*

Раководството на Друштвото е одговорно за изготвување и реално прикажување на овие посебни финансиски извештаи во согласност со Сметководствените Стандарди прифатени во Република Северна Македонија, како и за таква интерна контрола за која раководството смета дека е неопходна за да се овозможи изготвување на посебните финансиски извештаи кои се ослободени од материјално значајни грешки, било да се резултат на измама или ненамерно направени грешки.

*Одговорност на ревизорот*

Наша одговорност е да искажеме мнение за овие посебни финансиски извештаи врз основа на нашата ревизија. Ние ја извршивме нашата ревизија во согласност со Стандардите за ревизија прифатени и објавени во Република Северна Македонија во Службен Весник бр. 79 од 11 јуни 2010 година. Овие стандарди изискуваат да се придржуваме на релевантните етички стандарди и да ја планираме и да ја извршиме ревизијата со цел да се здобиеме со разумна увереност дека посебните финансиски извештаи не содржат материјално значајни грешки.

Ревизијата вклучува спроведување на процедури за добивање на ревизорски докази за износите и образложенијата во посебните финансиски извештаи. Избраните процедури зависат од нашите проценки, вклучувајќи ги и проценките на ризиците за значајни грешки во посебните финансиски извештаи како резултат на измама или ненамерно направени грешки. Во проценувањето на овие ризици, ги разгледавме соодветните интерни контроли воспоставени во Друштвото за изготвување и реално прикажување на посебните финансиски извештаи со цел да дизајнираме ревизорски процедури соодветни на околностите, но не и за да изразиме мнение за ефикасноста на интерните контроли воспоставени во Друштвото. Ревизијата, исто така вклучува осврт на користените сметководствени политики и значајните проценки направени од раководството, како и оценка на адекватноста на прикажувањето на информациите во посебните финансиски извештаи.

Ние сме убедени дека ревизорските докази кои ги добивме се достаточни и соодветни за да обезбедат основа за нашето мнение.

*Мнение*

Според наше мнение, посебните финансиски извештаи реално и објективно ја прикажуваат неконсолидираната финансиска состојба на Друштвото на 31 декември 2018 година како и на неговата неконсолидирана финансиска успешност и неговиот неконсолидиран паричен тек за годината тогаш завршена во согласност со Сметководствените Стандарди прифатени во Република Северна Македонија.

**Извештај за други правни и регулаторни барања**

*Годишен извештај за работата на Друштвото изготвен согласно барањата на член 384(7) од Законот за трговски друштва*

Согласно изискувањата на член 34(д) од Законот за ревизија, ние известуваме дека историските финансиски информации обелоденети во посебниот годишен извештај на Друштвото, изготвен од раководството согласно барањата на член 384(7) од Законот за трговски друштва, се конзистентни во сите материјални аспекти, со посебната годишна сметка на Друштвото и со финансиските информации обелоденети во ревидираните посебни финансиски извештаи на Друштвото, на и за годината која завршува на 31 декември 2018 година. Раководството е одговорно за изготвување на посебната годишна сметка на Друштвото која што беше одобрена од Управниот Одбор на Друштвото на 29 март 2019 година и за изготвување на посебниот годишен извештај на активностите на Друштвото, којшто беше одобрен од Управниот Одбор на Друштвото на 29 март 2019 година.

Скопје, 3 април 2019 година

КПМГ Македонија ДОО

ОВЛАСТЕН РЕВИЗОР

Срѓан Ранѓеловиќ

УПРАВИТЕЛ

Гордана Никушевска

# Финансиски извештаи

**Посебен извештај за финансиска состојба**

На 31 декември

| *Во илјади денари* | **Белешка** | **2018** | **2017** |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| Недвижности, постројки и опрема | 16 | 18.227.300 | 17.857.934 |
| Нематеријални средства | 17 | 124.826 | 145.392 |
| Вложување во недвижности | 18 | 401.469 | 412.320 |
| Финансиски средства расположливи-за-продажба | 19 | 1.023.274 | 26.945 |
| Одложени даночни средства | 20 | 39.540 | - |
| **Постојани средства** | | 19.816.409 | 18.442.591 |
| Залихи | 21 | 258.043 | 230.507 |
| Побарувања за данок на добивка | | 128.503 | - |
| Побарувања од купувачи и други побарувања | 22 | 4.969.473 | 5.612.513 |
| Депозити кои се чуваат во банка | | 5.160 | 4.479 |
| Дадени аванси | | 2.084 | 3.673 |
| Парични средства и паричен еквивалент | 23 | 1.239.755 | 173.065 |
| Средства кои се чуваат за продажба | 24 | 32.399 | 32.399 |
| **Тековни средства** | | 6.635.417 | 6.056.636 |
| **Вкупна актива** | | 26.451.826 | 24.499.227 |
| **Пасива** | | | |
| Акционерски капитал | 25 | 14.931.909 | 14.931.909 |
| Резерви | | 51.273 | 48.628 |
| Акумулирана загуба | | (1.293.826) | (2.417.570) |
| **Вкупно капитал и резерви** | | 13.689.356 | 12.562.967 |
| **Обврски** | | | |
| Обврски за кредити | 27 | 1.921.688 | 1.934.337 |
| Одложени приходи | 28 | 4.019.328 | 3.736.988 |
| Резервирања | 29 | 291.638 | 342.861 |
| Одложени даночни обврски | 20 | 1.475 | 1.300 |
| Користи за вработените | 31 | 27.501 | 26.348 |
| **Долгорочни обврски** | | 6.261.630 | 6.041.834 |
| Обврски за кредити | 27 | 644.842 | 30.844 |
| Одложени приходи | 28 | 500.452 | 567.526 |
| Резервирања | 29 | 70.752 | 79.648 |
| Обврски кон добавувачи и други обврски | 30 | 5.265.257 | 5.145.757 |
| Обврски за данок на добивка | | - | 36.650 |
| Користи за вработените | 31 | 986 | 2.555 |
| Примени аванси | | 18.551 | 31.446 |
| **Тековни обврски** | | 6.500.840 | 5.894.426 |
| **Вкупно обврски** | | 12.762.470 | 11.936.260 |
| **Вкупна пасива** | | 26.451.826 | 24.499.227 |

*Придружните белешки се составен дел од овие посебни финансиски извештаи.*

Посебните финансиски извештаи беа одобрени од Управниот Одбор на ЕВН Македонија АД на 29 март 2019 година и во нивно име беа потпишани од:

**Штефан Петер**
*Претседател на Управен Одбор*

**Маркус Брандштетер**
*Заменик Претседател на Управен Одбор*

**Сашо Стојкоски**
*Член на Управен Одбор*

Виолета Богатиноска
*(Овластен Сметководител 0102891)*

**Посебен извештај за сеопфатна добивка**

За годината завршена на 31 декември

| *Во илјади денари* | Белешка | 2018 | 2017 |
|---|---|---|---|
| Приходи од продажба на електрична енергија | 6 | 18.587.146 | 20.403.075 |
| Продажба на услуги | | 91.694 | 89.930 |
| Наемнини | 7 | 2.642.678 | 2.539.536 |
| | | 21.321.518 | 23.032.541 |
| Останати приходи од дејноста | 8 | 856.751 | 846.954 |
| | | 22.178.269 | 23.879.495 |
| **Расходи** | | | |
| Набавка на електрична енергија | 9 | (17.666.398) | (18.935.068) |
| Амортизација | 10 | (1.615.445) | (1.626.867) |
| Трошоци за вработени | 11 | (197.131) | (197.450) |
| Трошоци за услуги | | (2.396) | (2.360) |
| Трошоци за материјали | 12 | (10.196) | (14.683) |
| Останати оперативни трошоци | 13 | (587.071) | (639.361) |
| Исправка на вредноста на побарувања | | (545.758) | (548.868) |
| | | (20.624.395) | (21.964.657) |
| **Добивка од редовно работење** | | 1.553.874 | 1.914.838 |
| Приходи од финансирање | | 28.167 | 201.289 |
| Расходи од финансирање | | (345.008) | (116.161) |
| **Нето (расходи)/приходи од финансирање** | 14 | (316.841) | 85.128 |
| **Добивка пред оданочување** | | 1.237.033 | 1.999.966 |
| Данок на добивка | 15 | (113.288) | (302.070) |
| **Добивка за годината** | | 1.123.745 | 1.697.896 |
| **Останата сеопфатна добивка** | | | |
| ***Ставки кои се или може да се рекласифицираат во добивка или загуба*** | | | |
| Нето промена во објективната вредност на финансиски средства расположливи-за-продажба | | 1.747 | 7.658 |
| Одложени даноци поврзани со финансиските средства расположливи-за-продажба | | (175) | (766) |
| | 15 | 1.572 | 6.892 |
| ***Ставки кои никогаш нема да се рекласифицираат во добивка или загуба*** | | | |
| Актуарска добивка/(загуба) од планови за дефинирани користи | 31 | 1.072 | (5.240) |
| | | 1.072 | (5.240) |
| **Останата сеопфатна добивка за годината, нето од данок на добивка** | | 2.644 | 1.652 |
| **Вкупна сеопфатна добивка за годината** | | 1.126.389 | 1.699.548 |
| **Основна и разводнета заработка по акција (денари)** | 26 | 75,3 | 113,7 |

*Придружните белешки се составен дел од овие посебни финансиски извештаи.*

## Посебен извештај за промените во капиталот

За годината завршена на 31 декември

| *Во илјади денари* | Акционерски капитал | Законска резерва | Резерва за објективна вредност | Резерва за повторно мерење на користи за вработе-ните | Акумули-рана загуба | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Состојба на 1 јануари 2017 | 14.931.909 | 279 | 4.812 | 41.885 | (4.115.465) | 10.863.420 |
| **Вкупна сеопфатна добивка за годината** | | | | | | |
| Добивка за годината | - | - | - | - | 1.697.896 | 1.697.896 |
| **Останата сеопфатна добивка за годината** | | | | | | |
| Нето промена во објективната вредност на финансиски средства расположливи-за-продажба, нето од данок | - | - | 6.892 | - | - | 6.892 |
| Актуарска загуба од планови за дефинирани користи | - | - | - | (5.240) | - | (5.240) |
| Вкупно останата сеопфатна добивка за годината | - | - | 6.892 | (5.240) | - | 1.652 |
| Вкупна сеопфатна добивка за годината | - | - | 6.892 | (5.240) | 1.697.896 | 1.699.548 |
| Состојба на 31 декември 2017 | 14.931.909 | 279 | 11.704 | 36.645 | (2.417.570) | 12.562.967 |
| Состојба на 1 јануари 2018 | 14.931.909 | 279 | 11.704 | 36.645 | (2.417.570) | 12.562.967 |
| **Вкупна сеопфатна добивка за годината** | | | | | | |
| Добивка за годината | - | - | - | - | 1.123.745 | 1.123.745 |
| **Останата сеопфатна добивка за годината** | | | | | | |
| Нето промена во објективната вредност на финансиски средства расположливи-за-продажба, нето од данок | - | - | 1.572 | - | - | 1.572 |
| Актуарска добивка од планови за дефинирани користи | - | - | - | 1.072 | - | 1.072 |
| Вкупно останата сеопфатна добивка за годината | - | - | 1.572 | 1.072 | - | 2.644 |
| Вкупна сеопфатна добивка за годината | - | - | 1.572 | 1.072 | 1.123.745 | 1.126.389 |
| Состојба на 31 декември 2018 | 14.931.909 | 279 | 13.277 | 37.717 | (1.293.826) | 13.689.356 |

*Придружните белешки се составен дел од овие посебни финансиски извештаи.*

**Посебен извештај за паричниот тек**

За годината завршена на 31 декември

| *Во илјади денари* | **Белешка** | **2018** | **2017** |
|---|---|---|---|
| **Парични текови од оперативни активности** | | | |
| Добивка за годината | | 1.123.745 | 1.697.896 |
| *Корекција за:* | | | |
| Амортизација | 10 | 1.615.445 | 1.626.867 |
| Неотпишана вредност на недвижности, постројки и опрема | 13 | 36.062 | 58.730 |
| Капитална добивка од продажба на средства кои се чуваат за продажба | | - | (7.596) |
| Капитална добивка од продажба на недвижности, постројки и опрема | | (8.346) | (2.848) |
| Исправка на вредноста на вложувања во подружници | 14 | 272.253 | - |
| Исправка на вредноста на финансиски средства расположливи-за-продажба | 14 | 79 | - |
| Исправка на вредноста на побарувања од купувачи и побарувања од камати | | 545.758 | 548.868 |
| Ослободување на исправка на вредноста на залихите | | (2.599) | (492) |
| Приходи од дивиденди | 14 | - | (142.561) |
| Приходи од приклучоци и грантови | 8 | (262.002) | (241.031) |
| Приходи од камати за задоцнети плаќања | 8 | (264.888) | (285.937) |
| Приходи од камати | 14 | (27.828) | (30.631) |
| Расходи од камати на финансиски обврски кои се мерат според амортизирана набавна вредност | 14 | 71.984 | 102.073 |
| Расходи од камати од користи за вработените | 14 | 692 | 4.242 |
| Расход за данок на добивка | | 113.288 | 302.070 |
| Нереализирани курсни разлики | | (1.607) | 6.788 |
| | | 3.212.036 | 3.636.438 |
| Промена на: | | | |
| - побарувања од купувачи и други побарувања | | 84.378 | (789.387) |
| - залихи | | (24.937) | (26.021) |
| - обврски кон добавувачи и други обврски | | 119.500 | 421.314 |
| - резервирања | | (60.119) | (130.631) |
| - користи за вработените | | (36) | (351.941) |
| - платени аванси | | 1.588 | (2.249) |
| - примени аванси | | (12.895) | 6.668 |
| | | 3.319.515 | 2.764.191 |
| Наплатени камати за задоцнети плаќања | | 277.794 | 232.243 |
| Платен данок на добивка | | (317.982) | (265.228) |
| Платени камати | | (72.931) | (488.163) |
| **Нето парични текови од оперативни активности** | | 3.206.396 | 2.243.043 |

*Придружните белешки се составен дел од овие посебни финансиски извештаи.*

**Посебен извештај за паричниот тек (продолжение)**

За годината завршена на 31 декември

| *Во илјади денари* | **Белешка** | **2018** | **2017** |
|---|---|---|---|
| **Парични текови од инвестициони активности** | | | |
| Наплатени камати | | 27.828 | 30.631 |
| Дадени депозити | | (681) | (13) |
| Приливи од дивиденди | | - | 142.561 |
| Набавка на недвижности, постројки и опрема | | (1.969.698) | (2.084.618) |
| Набавка на нематеријални средства | | (20.402) | (71.842) |
| Приливи од продажба на недвижности, постројки и опрема | | 11.078 | 8.777 |
| Приливи од продажба на средства кои се чуваат за продажба | | - | 49.314 |
| Приливи од приклучоци | | 475.182 | 388.321 |
| Зголемување на влог во подружница | | (1.266.758) | - |
| **Нето парични текови користени во инвестициони активности** | | (2.743.451) | (1.536.869) |
| | | | |
| **Парични текови од финансиски активности** | | | |
| Приливи од кредити | | 8.411.774 | 2.165.588 |
| Вратени кредити | | (7.808.029) | (4.854.043) |
| **Нето парични текови (користени во)/од финансиски активности** | | 603.745 | (2.688.455) |
| | | | |
| **Нето зголемување/(намалување) на парични средства и паричен еквивалент** | | 1.066.690 | (1.982.281) |
| Парични средства и паричен еквивалент на 1 јануари | | 173.065 | 2.155.345 |
| **Парични средства и паричен еквивалент на 31 декември** | 23 | 1.239.755 | 173.065 |

*Придружните белешки се составен дел од овие посебни финансиски извештаи.*